

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 1/2018

# УВОДНИ СТИХОВИ

*Сабота, 6 јануари 2018*

## 1. Дали си се свртел? Нова Година

**„Не го оставајте Господа, туку служете Му на Господа со сето своe срце.“** (1. Самоилова 12,20)

Во мај 1998 година се случил дефект на контролниот процесор на сателитот за комуникација Галакси IV. Бидејќи почнал да се врти, се изместил од својата првична положба и се оддалечувал од Земјата. Во еден момент, 40 милиони звучни сигнали станале бескорисни. Стотици трговски куќи, радио и телевизиски центри биле засегнати само затоа што еден сателит свртел од својата патека.

Колку луѓе би биле засегнати кога јас и вие би се свртеле од Бога и би тргнале во погрешна насока? Малкумина од нас ги сфаќаат рамките на нашето влијание, но нашата покорност на Бога е од животно значење поради нашата улога во Црквата и во светот.

Бог на својот старозаветен народ му наложил да му биде верен во Сојузот што го склопил: „Нека нема меѓу вас маж ни жена, род ни племе, чие срце би се одвратило од Господа, нашиот Бог, па да оди и да им служи на боговите на оние народи. Нека нема меѓу вас корен што ќе раѓа отров и пелин“ (5. Мојсеева 29,18). Новозаветниот писател се сеќава на тој цитат кога пишува: „Гледајте да не го одбиете Оној кој зборува! Зашто, ако не избегаа оние, кои го одбија Оној кој предупредуваше на земјата; уште помалку ќе избегаме ние, ако се отстраниме од Оној кој зборува од небесата!“ (Евреите 12,15).

Дали и вие денес одите во погрешна насока? Вратете се кај Бога. Останете поврзани со Него, зашто можеби и не сте свесни колку другите ќе бидат засегнати од вашата одлука.

Искреното покајание значи враќање од погрешниот пат, а едновремено и продолжување по оној вистинскиот.

*Сабота, 13 јануари 2018*

## 2. Моќта на малцинството

**„По него беше Самегар, синот Анатов. Тој погуби шест стотини Филистејци со воловски остен. Така и тој го избави Израел.“ (Судии 3,31)**

Бог често остварува големи и моќни потфати со неколкумина слаби луѓе. На тој начин Тој се прославува, а ние како луѓе стануваме понизни. Извојуваната победа над Божјите непријатели тогаш може да се припише единствено на Божјото водство и на Неговата сила.

На пример, Самегар немал ништо на што би се потпрел, освен на воловски стап и на Бога. Остен е долг стап со шилец на едниот крај, кој се користел за бркање на воловите. Меѓутоа, Самегар не се срамел да ја изврши работата кога за тоа му се пружила прилика. Тргнал со вера во Бога и извојувал голема победа, убивајќи 600 филистејци.

Некој забележал: „За времето, додека Ное ја градел арката, бил сам, но сепак извојувал победа. Кога Јосиф бил продаден како роб во Египет, бил сам, но победил. Кога Гедеон со 300 следбеници со искршени стомни и светилки ги избркал Медјамците, кои ги имало многу малку, но победиле“.

И вие сте само поединци, но можете да бидете моќни во творењето на добри дела. Можеби мислите дека не можете многу да понудите, но Бог може да ве употреби ако се подложите на Неговата волја и на влијанието на Светиот Дух.

Не обесхрабрувајте се, не срамете се од вашата скромна положба или недостигот од талент. Сетете се дека моќните работи ги направиле оние луѓе кои потполно се потпреле на Божјата сила, а не на сопствената.

Нашите ограничени способности ја нагласуваат Божјата неограничена моќ.

*Сабота, 20 јануари 2018*

## 3. Дај го својот живот

**„А јас сум далеку од тоа да се фалам со нешто друго, освен во крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого светот е распнат за мене и јас за светот!“ (Галатјаните 6,14)**

Некоја жена дотрчала до виолинистот, кој го завршувал концертот, и му рекла: „Би го дала својот живот за да можам да свирам како вас“! Тој ѝ одговорил со смирен глас: „Токму тоа и јас го направив“.

Популарниот виолинист жртвувал многу време, со огромен труд и личен стремеж, да ги постигне височините на човековите достигнувања. Исто е и во духовна смисла, ако сакаме да станеме зрели и успешни Христови следбеници, тогаш мораме да бидеме подготвени да умреме за нашето „јас“.

Пред нас се три распетија, како што се прикажани во Посланието до Галатјаните 6,14. Прво е распнувањето на Исуса Христа. Неговата посредничка смрт на крстот го обезбедила вечното спасение за сите кои ќе поверуваат во Него. Второто распнување е распнување за светот. Мора да се отфрлат сите уживања, почести, богатства и сè што верниците ги спречува да ги примат благословите во сета нивна полнота. И третото распнување, како верници сме распнати за сите овоземни неволји и искушенија. Првиот крст зборува за темелите на нашето спасение, вториот се занимава со резултатите од нашето спасение, а третиот укажува на секојдневниот живот на спасениот човек. Дали можете заедно со апостол Павле искрено и воодушевено да кажете: „А јас сум далеку од тоа да се фалам со нешто друго, освен во крстот на нашиот Господ Исус Христос, преку Кого светот е распнат за мене и јас за светот!“ И кога тоа ќе го кажете, поднесувате жртва која ќе пожнее вечна жетва.

*Сабота, 24 јануари 2018*

## 4. Во кого веруваш

**„Господ му се јави на Аврама и рече: ’Ќе му ја дадам оваа земја на твоето потомство’.“ (1. Мојсеева 12,7)**

Откако Бог го спасил својот народ од египетското ропство. Мојсеј ги потсетил Израелците оти Бог се заколнал дека ќе им ја даде хананската земја. Тоа ветување требало да им пружи надеж дури и во најтешките моменти додека се движеле низ пустината. А кога се нашле фатени меѓу Црвеното море и Египќаните, нивната вера потклекнала.

Обраќајќи му се на Мојсеја, му рекле: „... ‘Пушти нè! Ќе им служиме на Египќаните!’ Подобро ни е и ним да им служиме отколку да загинеме во пустината.“ Иако околностите изгледале многу лоши, токму тогаш требало да веруваат дека Бог ќе ги спаси. И покрај тоа што им недостасувала вера, Бог ја раздвоил водата на Црвеното море и ги спасил од египетската војска која наближувала. Дури тогаш Израелците му поверувале на Бога.

И ние ги имаме Божјите ветувања. Бог денеска ни порачува: „Никогаш нема да те напуштам, ниту ќе те оставам!“ (Евреите 13:5), а сепак, кога некогаш ќе се соочиме со неволјите, мислиме дека Бог нè напуштил. Понатаму ни порачува преку апостолот Јован: „И ова е смелоста која ја имаме кон Него: дека нè слуша ако просиме нешто по Неговата волја“ (1. Јованово 5,14). И покрај тоа, животните неволји нè опсипуваат, а ние не сме му ги предале на Бога, и затоа нè обзема очај и безнадежност.

Кога ќе наидат тешки времиња, мораме да се потпреме на Божјите ветувања. На тој начин нашата вера станува сè посилна.

Бог нека ни прости што често забораваме на неговите ветувања и сами се трудиме да ги решиме неволјите со кои се соочуваме. Животните неволји ќе ги решите ако се надевате во Божјите ветувања.

*Сабота, 3 февруари 2018*

## 5. Втората страна

**„И (Бог) ќе ја избрише секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе, ни тага, ни плач, ниту болка, зашто првото помина.“ (Откровение 21,4).**

Некој лекар отишол во домашна посета на болен човек, кој бил на смртна постела. Човекот го запрашал лекарот: „Докторе, како ќе биде на Небото?“ Лекарот се двоумел со одговорот трудејќи се да размисли што да му одговори. И токму тогаш се слушнале звуци на гребење по затворената врата од собата на болниот.

„Го слушате ли тоа“? – прашал лекарот. Тоа е моето куче, го оставив долу, но тоа е нетрпеливо и се качило овде пред вратата и ме бара мене. Тоа не знае што има во оваа соба, но знае дека во неа е неговиот господар. Мислам дека така е и со Небото. Не знаеме како изгледа таму, но знаеме дека таму ќе биде Исус. И навистина, ништо друго не е важно“.

Библијата ни дава одреден увид, кој ја јакне нашата вера, кој ни овозможува донекаде да дознаеме каков ќе ни биде животот откако зад нас ќе се затвори вратата на смртта, откако гревот ќе помине. Знаеме дека Небото ќе биде место на божествена светлина. Знаеме дека тоа ќе биде место на повторно собирање, кога ќе се сретнеме со нашите сакани кои смртта ги одвоила од нас за некое време, како што пишува апостол Павле во Првото послание до Солуњаните 4,17. Знаеме дека таму повеќе нема да има смрт, ни тага, ни плач.

Но, над сè, кога ќе дојде мигот на воскресението и ќе стапнеме на другата страна, ќе се радуваме бидејќи таму ќе биде Исус, а ние засекогаш ќе бидеме заедно со Него.

Му благодарам на Бога за охрабрувањето кое го носи сознанието за Небото, а најмногу за Исуса Христа, кој на сите верници им обезбедува место во вечноста.

Да се биде засекогаш со оној кој нѐ сака, да се биде со Исуса, тоа е најдобриот опис на потполна среќа.

*Сабота, 10 февруари 2018*

**6. Вашата единствена надеж**

**"...да живееме разумно, праведно и побожно во сегашниов век, очекувајќи ја блажената надеж и славното јавување на нашиот Семоќен Бог и Спасител, Исус Христос..."**
**(Тит 2,12.13)**

Некој непознат писател ги напишал следните зборови: „Кога се обратив и станав христијанин, и по многу години, повторното доаѓање на Исуса Христа беше интересна замисла, блажена надеж, славно ветување, тема на некои најдобри духовни песни во црквата. Подоцна, доаѓањето на Исус Христос беше прифатливо учење на верата, главно учење, како некој невидлив заштитен знак во мојата христијанска служба. Тоа беше омилена област на моите теолошки расправи, на проповедалницата и во списанијата. Одеднаш, повторното доаѓање на Исуса Христа стана мошне важен поим. Павле го нарекол блажена надеж. Денес, сметам дека тоа е единствена надеж за цел свет".

Од човечки агол не постојат решенија за сложените проблеми на овој свет. Обидите на светските водачи да ги решат проблемите на немири и насилство во општеството се потполно безуспешни. Единственото трајно и потполно решение е второто доаѓање на Исуса Христа. И кога Тој ќе дојде, ќе го воспостави своето царство. Со народите ќе владее во праведност, а сета земја ќе биде исполнета со спознанието за славата Господова, „како што водите го покриваат морето", според описот што ни го дава пророкот Авакум во Стариот Завет (2,14).

И додека чекаме нашиот Спасител да дојде, ние и понатаму се молиме, работиме и стражариме, „очекувајќи ја блажената

надеж и славното јавување на нашиот Сѐмоќен Бог и Спасител, Исус Христос". Тој е единствена надеж за целиот свет, како и за секој поединец кој се радува на тоа доаѓање.

Му благодариме на Бога за тоа ветување. Нека ни помогне да издржиме и да истраеме во побожното живеење до доаѓањето на нашиот Спасител.

И додека овој свет потпаѓа во сѐ поголема темнина, ветеното доаѓање на Исуса Христа ни свети сѐ појасно.

*Сабота, 17 февруари 2018*

## 7. Опасно искривување

**„...Неучените и неутврдените ги изопачуваат, како и другите Писма, за своја погибел." (2. Петрово 3,9-18).**

Воодушевен колекционер на уметнички дела, во својата канцеларија закачил слика на кривата кула во Пиза. Секое утро забележувал дека сликата со рамката е закосена, и тој секогаш ја исправал. Најпосле, една вечер, пред да си оди дома, ја запрашал чистачката дали знае кој е тој што му ја поместува сликата. „Јас го правам тоа", одговорила чистачката. „Морам да ја искосам сликата за кулата на сликата да стои исправено!"

На сличен начин, некои луѓе имаат навика да го искривуваат Светото писмо за нивниот несовршен живот да изгледа што подобро или да оправдуваат некои свои лични размислувања. Апостолот Петар ги предупредил своите читатели дека ќе има такви луѓе кои нема да пристапуваат кон Божјата реч со чесни намери ниту пак ќе го почитуваат авторитетот на Светото писмо. Таквите ќе ги стигне Божјата осуда.

Ако не ѝ пристапуваме на Библијата со молитва и понизно, со почит, можеби и ние ќе пронајдеме некаква порака во неа која ќе ни се чини погрешна, па ќе се трудиме да ја исправиме. Со тоа што ќе се оддалечиме од цврстиот став кој би морале да

го имаме во Исуса Христа. Бог ни ја дал својата света Реч да ни послужи како светлина и неисцрпен извор на сила и вистина.

Искривувањето на значењето на Божјата реч за да одговара на нашите однапред создадени идеи е опасна постапка и страшен грев. Треба да внимаваме како ја читаме и толкуваме Библијата, Светото писмо.

Боже, Ти благодариме за твојата света Реч. Помогни ни да ја прифатиме онаква каква што Ти си одобрил да се запише.

Ние мораме себеси да се усогласиме со Библијата, а не Библијата со нашите замисли.

*Сабота, 24 февруари 2018*

## 8. Лизгави места

**„А мене, за малку, ќе ми се сопнеа нозете, за малку ќе ми се лизнеа чекорите, Зашто им завидев на злочинците, набљудувајќи го напредокот на грешниците.“ (Псалм 73,2.3)**

Во еден студен зимски ден, таткото се шетал со својот син. Кога наишле на замрзнато место, таткото му рекол на својот син: „Сине, подобро е јас да те држам цврсто за рака!“

Детето не сакало да ја извлече раката од топлиот џеб, па не го послушало татковиот совет. Токму тогаш се лизнало и паднало на тврдото смрзнато тло. „Во ред, тато“, конечно изустило, „ќе се држам за твојот капут“.

Меѓутоа, слабата рака на детето не можело доволно цврсто да го држи капутот, и повторно се лизнало и паднало. Подигајќи се од земјата, тешко промрморело: „Тато, сепак е подобро ти да ме држиш за рака!“ И повеќе на паѓало.

Псалмистот Асаф речиси доживеал духовен пад. Видел како лоши луѓе уживаат во благосостојба, како им се исполнуваат сите желби, како умираат без никакви страдања и болки (3-12).

А него, Бог како да го казнува секое утро, и покрај неговиот чист и примерен живот (13-14). Љубоморен, речиси заклучил оти е залудно да се живее побожно.

Меѓутоа, кога се сосредоточил на Бога, сфатил дека лошите и зли луѓе наидуваат на лизгав терен, и дека се движат кон судот (17-20). Признавајќи го своето безумие, сфатил дека Бог сепак ги поддржува и ги наградува оние кои безрезервно се надеваат во Него.

Ставете ја својата рака во Божјата. Тоа е најдобра гаранција дека нема да паднете кога ќе наидете на лизгави места во својот живот.

Бог нека нè држи цврсто, и нека не дозволи нашите нозе да се лизнат и да паднат на лизгавите места во нашиот живот!

*Сабота, 3 март 2018*

## 9. Како да се биде слободен?

**„Нечесниот ќе биде фатен од сопственото беззаконие и ќе го држат јажињата на неговите гревови.“ (Мудри изреки 5,22)**

Човековиот дух тежнее за слобода. Меѓутоа, многу такви стремежи нè водат во уште поголемо ропство.

Птицата е слободна во воздухот. Ставете птица под вода, и таа ќе остане без својата слобода. Рибата е слободна во водата, но оставете ја на брегот на морето и таа ќе загине. Христијанинот е слободен кога живее според Божјата волја и е послушен на Неговите заповеди. За христијанинот тоа е природна средина, како што се водата за рибата и воздушните височини за птицата.

Иако царот Соломон не го употребил зборот „слобода“ во својот опис во Мудри изреки 16 глава, сфатил дека слободата постои само тогаш кога се почитува Бог и Неговата Реч. Наспро-

ти тоа, ропството ги снаоѓа оние кои ја занемаруваат вистината на Божјата Реч. Слободата се остварува со понизност, доверба, внимателни разговори и самоконтрола. Меѓутоа, во ропство се оние кои ги придвижува бунат, горделивост, дрскост, нетрпеливост, кавга и злоба.

Сакате ли да бидете слободни? Исус рекол: „Затоа Исус им рече на Јудејците, кои Му поверуваа: ’Ако пребивате во Моето слово, навистина сте Мои ученици; и ќе ја познаете вистината, и вистината ќе ве ослободи’" (Јован 8,31.32).

Исус е единствен извор на вистинска слобода.

Му благодариме на Бога што ни нуди слобода каква што овој свет сè уште не ја спознал. Нека ни даде сила да издржиме во таа слобода и на другите да им објавиме дека Исус Христос е единствениот Ослободител.

Вистинската слобода не е во сопствениот животен пат, туку во предавањето на Божјиот пат.

*Сабота, 10 март 2018*

## 10. Да се работи или да се чека

**„Застанете и разберете дека Јас сум Бог." (Псалм 46,10)**

Една талентирана и верна христијанка нагло се разболела и била врзана за кревет. На ѕидот над креветот се наоѓал натпис: БИДИ СИЛЕН И РАБОТИ ЗА БОГА, и цитат од Библијата. Меѓутоа, тие зборови, кои порано ѝ давале надеж и сила, сега ја фрлале во очај.

Пријателката ја сфатила нејзината неволја и очајот во кој се наоѓала, па ѝ го прочитала делот од 9 глава во 4. Мојсеева, и тоа последниот дел. Истакнала како Израел, додека талкал низ пустината, престанал да се движи кога облакот, кој ги водел, запрел и стоел над Шаторот за состаноци. Меѓутоа, кога облакот

ќе почнел да се движи, Израелците тогаш тргнувале на пат.

Пријателката тогаш ги протолкувала овие зборови и укажала дека Бог некогаш очекува од нас да подзапреме. За да ја нагласи својата мисла, тргнала кон ѕидот на кој се наоѓал споменатиот натпис, го тргнала и на негово место го поставила следниот: ЗАСТАНЕТЕ И РАЗБЕРЕТЕ ДЕКА ЈАС СУМ БОГ.

Сите треба да сфатиме дека Бог, во својата мудрост, не само што нè води кон одредена служба туку ни осигурува и време за одмор. Често сме желни за возбудата од извршената работа за Бога, но Бог знае дека ќе бидеме поблизу до Него кога ќе се најдеме во тишината на одморот. Вистинската проверка посветена е на можноста да чекаме на Бога, иако попрво би трчале и работеле за Него.

Му благодарам на Бога и за одморот што Тој ни го обезбедува. Бог нека го води нашето застанување, како и нашите чекори.

*Сабота, 17 март 2018*

**11. Чекорот на гулабот**

**„Таму тој (Даниел) три пати дневно паѓаше на колена, благословувајќи Го, молејќи Го и фалејќи Го Бога, како што правеше секогаш.“ (Даниел 6,10)**

Дали некогаш сте се запрашале зошто гулабот оди толку чудно? За да види каде се движи. Со оглед на тоа дека очите на гулабот не можат да гледаат додека тој се движи, таа птица едноставно застанува и ја смирува главата помеѓу секој чекор за да може да се изостри сликата на опкружувањето во кое се наоѓа. И затоа се движи толку несмасно, застанува, главата ја зафрла наназад, се движи и повторно застанува.

Во нашето чекорење со Бога ги имаме истите потешкотии како и гулабот; тешко гледаме што се случува околу нас додека

се движиме. Мораме да застанеме меѓу поедини чекори - за да се сосредоточиме на Божјата реч и да се изостриме според Божјата волја. Тоа не значи дека мораме сесрдно да се молиме за секоја, па и најмалечка подробност во животот. Но, сигурно е дека нашиот чекор со Бога треба да се вклопи во таквиот систем на чекори кој ќе ни овозможи појасно да видиме како да се движиме. Тие застанувања на Даниел предизвикале поинаков чекор – а тоа било очигледно за сите кои биле околу него.

А како е со нас? Со ризик да нè сметаат за чудни и поинакви, како што било и со Даниел, треба да ја научиме таа важна лекција од гулабот: човек да изгледа добро не е секогаш толку важно како да гледа добро.

Нека Бог ни помогне понекогаш да застанеме за да го изостриме видот за она што е најважно во животот.

Времето поминато во Христовата служба бара време за обнова.

*Сабота, 24 март 2018*

## 12. Занемарена Библија

**„...Но немаа полза од словото што го чуја, зашто не беше придружено со вера, кај оние кои го беа чуле.“ (Евреите 4,2)**

Има само неколкумина кои одиграле таква улога во општеството каква што имал психијатарот Сигмунд Фројд. Иако тврдел дека е атеист, постојано расправал за религиозноста, за како во потсвеста да го прогонувала мислата за Бога чие постоење го негирал.

Кога Фројд наполнил 35 години, татко му му испратил стара еврејска Библија која своевремено му ја подарил уште додека Сигмунд бил дете. Фројд некое време ја читал и ја проучувал таа книга. Во старата книга се наоѓала белешка која татко му на Сигмунд ја напишал сакајќи да го потсети сина си дека „Госпо-

довиот Дух го поттикнал и му говорел: „Оди и читај ја книгата што ти ја дадов да се напише и тогаш ќе ти се отворат изворите на разбирањето, спознавањето и мудроста.“ Татко му изразил надеж дека Сигмунд, како зрел човек, ќе почне повторно да ја чита Библијата и да се покорува на Божјиот закон. Немаме докази дали Фројд сериозно го прифатил татковиот совет. Колку поинаков би бил неговиот живот, а исто така и влијанието што го имал во општеството, само да го послушал својот татко!

А каква е ситуацијата со вас? Дали сте ја занемариле Библијата што некогаш сте ја читале и проучувале? Никогаш не е доцна да најдете нова мудрост во оваа стара книга. И што е уште поважно, не е предоцна да почнете да верувате во Божјата реч и да се покорувате на нејзините начела.

Му благодариме на Бога за откриената мудрост, моќ и милост која блеска од Неговата Реч. Бог нема да ја отвори вратата на мудроста за оној кој Библијата ја држи затворена.

*Сабота, 31 март 2018*

## 13. Јас припаѓам овде

**„Зашто и Христос умре еднаш за гревовите, Праведен за неправедните, за да нè приведе при Бога; навистина, Тој, кој беше убиен во тело, оживе Духом.“ (1. Петрово 3,18)**

Еден мисионер се обратил до група луѓе, кои никогаш порано не слушнале за животот и делото на Исуса Христа. Во првиот ред, меѓу откупеното мноштво, седела и внимателно слушала најпознатата личност од споменатата група слушатели. И додека опишувањето на Христовиот живот го достигнувало својот врв и познатиот човек слушнал како Исус бил сурово и насилно распнат, повеќе не можел да се воздржи. Скокнал на нозе и извикал: „Застанете! Симнете го од крстот! Јас припаѓам таму, а не тој!“ Овој човек мошне впечатливо ја согледал смисла-

та на евангелието: сфатил дека е грешник, а Исус Христос бил безгрешно суштество. И додека размислувате за сцената како Божјиот Син виси на крстот умирајќи во агонија со страшни маки и болки, а крвта му тече од раните на челото, можете ли искрено и од срце да кажете: „Јас припаѓам таму“. Потоа преземете уште еден чекор и надевајте се во Него, зашто Тој е ваш личен Спасител, па заедно со апостол Павле кажете: „Со Христа сум распнат на крстот; и јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене: а животот што сега го живеам во телото, го живеам преку верата во Божјиот Син, Кој ме возљуби и Се предаде Себеси за мене“ (Галатјаните 2,20).

Исус го зазел нашето место и умрел на крстот наместо нас. Носејќи ги нашите гревови, ни го отворил патот на заедништво со небесниот Татко. Ако се поистоветиме со Христа и ако веруваме дека Тој умрел наместо нас, Бог ќе нè поистовети со Христа и ќе нè оправда, како никогаш да не сме згрешиле. Можеме ли да кажеме: „Требаше јас да висам на тој крст!“

Денес, Бог нека го отвори нашиот ум јасно да ја видиме, да ја разбереме и прифатиме вистината, а посебно вистината за големината на делото на спасение, кое Тој го остварил за нас.

ГРАДИВО 1/2018
**Уводни стихови**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и**
**техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**